РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-3287/4
19-06-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на шестата седница одржана на ден 10.06.2024 година донесе

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 08-5032/1 од 15.11.2021 година, СЕ ЗАПИРА.
Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот со број 08-5032/1 од 15.11.2021 година.
Предметот со број 08-5032/1 од 15.11.2021 година да се затвори и архивира.
Одлуката на ДКСК, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 08-5032/1 од 15.11.2021 година е оформен по сопствена иницијатива.
ДКСК по извршениот увид во својата евиденција, констатира дека лицето ____________________________, во законски предвидениот рок од 30 дена по именување на функцијата член на Управниот одбор на ______________________________________________, не поднела анкетен лист до ДКСК.
ДКСК на _________________________ и издаде прекршочен платен налог број 08-3287/2 од 06.07.2023 година, за прекршок по член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон.
Од страна на именуваната на ден 17.07.2023 година е постапено по издадениот прекршочен платен налог, односно платена е половина од изречената глоба во истиот.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино натамошно надлежно постапување во конкретниот случај.
Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател,

Татјана Димитровска

Изготвил:А.Ч. раководител на одделение
Одобрил: С.С.М., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr31, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930